Macedonian

# План за делување за негувателите во Нов Јужен Велс 2007–2012 (NSW Carers Action Plan 2007–2012)

## Краток преглед

NSW HEALTH

**NSW DEPARTMENT OF HEALTH**
73 Miller Street
North Sydney NSW 2060

Тел. (02) 9391 9000
Факс. (02) 9391 9101
TTY. (02) 9391 9900

www.health.nsw.gov.au

Оваа книшка е заштитена со авторско право. Таа може да се умножува во целост или делумно за обучување под услов да се наведе изворот. Таа не може да се умножува за комерцијална употреба или продажба. За умножување наменето за други цели освен тие што се назначени погоре, потребно е да се добие писмена дозвола од NSW Department of Health (Оддел за здравство на Нов Јужен Велс).

© NSW Department of Health 2007.
Сите права ги задржува издавачот.

SHPN (PHCP) 07/068M
ISBN 978-1-74187-111-1

Други примероци може да се земат
од Интернет страните на
**www.health.nsw.gov.au**

Мај 2007

# Порака

Над еден од десет членови во заедницата во Нов Јужен Велс се негуватели –оддадени граѓани кои нудат непризнаеат а сепак неопходен придонес кон социјалната структура на нашето општество.

Иако грижата за лицата кои ги знаете и сакате е неизмерно корисна, искуството исто така може да биде обесхрабрувачко и изолирано.

Токму затоа на негувателите исто така им е потребна нега. Тие треба да знаат дека не се сами. Дека заедницата го цени тоа што го прават. И дека може да добиваат практична помош која малку ќе им го олесне нивното патешествие.

Во Планот за делување за негувателите во Нов Јужен Велс (NSW Carers Action Plan) во кратки црти се изнесува петтогодишната обврска на владата на Нов Јужен Велс да ги направи овие работи.

Нашиот план вклучува значителна нова поддршка за лицата кои живеат со душевни болести и физичка онеспособеност, а исто така се зголемуваат мерките за поддршка на негувателите, на пример, преку Програмата за негуватели во Нов Јужен Велс (NSW Carers Program).

Со нашиот план исто така се согледува дека поддршката за негувателите опфаќа начела од повеќе области, на пример, начелата за лица во години, поддршка во заедницата, здравство, образование, превоз, вработување и работни односи.

Затоа Планот за делување за негувателите во Нов Јужен Велс одразува еден поповрзан пристап кој ги здружува сите овие области.

Меѓутоа, зад сите одредени мерки во овој План за делување се крие една јасна и постојана филозофија: не смееме да се однесуваме кон негувателите како да не постојат. И најдобриот начин да им одадеме признание и почит на нашите негуватели е да им понудиме поголема и подобра поддршка.

Тие не можат да прават се сами — и според овој план — тие не ќе мора да прават се сами.



**Morris Iemma MP (член на парламентот)**
Premier (Премиер)

# Вовед

Негувателите им нудат помош на други лица, вклучувајќи лица во години со нарушено здравје, онеспособени лица, лица со душевни болести, лица кои се оддадени на алкохол или друга дрога, лица со деменција, лица со неизлечлива болест, лица кои живеат со ХИВ/СИДА и лица со хронична болест.

Негувател е член од семејството, пријател, сосед или некој друг член од заедницата кој му нуди нега и поддршка на некое друго лице, често тоа го прави редовно и постојано, без плата, освен во некои случаи, со пензија или додаток. Негувателот му го подобрува квалитетот на животот на лицето за кое се грижи и му овозможува да остане во заедницата.

**Со националната ABS анкета за онеспособени лица во години и негуватели (ABS Survey of Disability Ageing and Carers - SDAC) се утврди дека во Нов Јужен Велс:**

- 748,000 лица во Нов Јужен Велс се негуватели, застапувајќи 11% од населението
- 20% се главни негуватели
- Негувателите се лица на било која возраст. Меѓутоа, главните негуватели најчесто се на возраст над 45 години
- 72% од главните негуватели се жени
- Од сите главни негуватели, 91% негуваат близок член од семејството, 40% негуваат партнер, 29% негуваат дете и 32% некој друг
- Негувањето обично е долгорочна обврска. 33% од главните негуватели известуваат дека тие се грижеле за некој друг најмалку 10 години, додека уште 26% го правеле тоа најмалку 5 години (национални цифри)
- Повеќе од една половина од главните негуватели нудат нега најмалку 20 часа неделно
- 36% од главните негуватели се вработени и 54% од нив работат со скратено работно време
- Негувателите обично имаат помал приход во однос на преостанатото население и повеќе од половината зависат од државна социјална помош и додатоци како основен извор на приход.

# План за делување за негувателите во Нов Јужен Велс

Негувателите во Нов Јужен Велс добиваат поддршка од семејството, пријателите, другите негуватели и доброволците, како и преку формалните услуги кои ги добиваат од невладините и владините организации. Претставува предизвик да им се овозможи на сите негуватели да го доживуваат негувањето на позитивен начин и на минимум да се намалат негативните последици кои може да влијаат на нивниот живот. Владата на Нов Јужен Велс ќе придонесе негувателите да постигнат да имаат квалитетен живот како за себе така и за лицата кои ги подржуваат со тоа што се посветува на долунаведените принципи и приоритетни клучни области.

Во овој план за делување се објаснува што ќе преземе владата на Нов Јужен Велс во следните пет години.

Соопштението за негувателите во Нов Јужен Велс од 1999 г. (1999 NSW Carers Statement) претставуваше првиот чекор кон одавање признание и поддршка за вредната работа на негувателите во Нов Јужен Велс и Програмата за негувателите во Нов Јужен Велс претставува уште еден значаен чекор. Развојот на службите за онеспособени лица преку Stronger Together (Заедно сме посилни) и на службите за душевно здравје се главните постигнувања кои им се од значителна корист на семејствата и негувателите. Планот за делување за негувателите во Нов Јужен Велс (NSW Carers Action Plan) се надградува на овие постигнувања и му овозможува на Нов Јужен Велс да биде поблиску до остварувањето на визијата што ја има за негувателите.

## Визија

**Владата на Нов Јужен Велс ќе придонесе негувателите да постигнат да имаат квалитетен живот за себе и за лицата кои ги подржуваат. Во контекст на улогата што ја имаат при негувањето, негувателите:**

- ќе добиваат поддршка да бидат физички и емоционално здрави личности и да учествуваат во работата и во животот во заедницата
- ќе се ценат како клучни придонесители кон благосостојбата во заедницата и како клучни партнери и доставувачи на нега
- ќе се земаат предвид при разработувањето на јавната политика во Нов Јужен Велс.

## Принципи

- Се утврдуваат и признаваат физичките и емоционалните потреби на негувателите, како и нивните потреби за кариера и се одговара на истите.
- Негувателите добиваат поддршка преку квалитетни услуги кои се пристапни по цена, флексибилни, културно соодветни, задоволителни, координирани, лесно можат да се добијат и се на располагање.
- Се разработуваат стратегии за да се идентификуваат и поддржуваат лицата за кои не е утврдено дека се негуватели и кои може да се обесправени од социјалните, културните или економските околности или локација.
- Негувателите се во состојба да имаат избор во нивната улога како негуватели и тие добиваат поддршка кога ќе одлучат да се занимаваат со нешто друго, кога тоа е потребно.
- Се прифаќа дека односите при негувањето се разнообразни, динамични, сложени, со потреби кои се менуваат со текот на времето.
- Негувателите се признаени, ценети и почитувани.
- Негувателите имаат пристап до информации, средства и можности за да ги развиваат нивните способности за да можат да нудат квалитетна нега.
- Негувателите се вклучени во секоја фаза од проценката и планирањето на негата со согласност на лицата кои ги негуваат и се консултираат при планирањето, доставувањето и повторното разгледување на услугите кои влијаат на нивната улога.
- На работното место, негувателите имаат поддршка со принципите кои се наклонети кон семејства.

## Приоритети за делување

1. Негувателите се признаени, почитувани и ценети.
2. Се идентификуваат и поддржуваат скриените негуватели.
3. Се подобруваат услугите за негувателите и лицата за кои тие се грижат.
4. Негувателите се партнери при негувањето.
5. На негувателите им се нуди поддршка за да можат да работат и негуваат.

# Приоритети за делување

Следните страници содржат краток преглед на приоритетните работи на кои треба да се делува и кои се основни за подобрувањето на квалитетот на животот на негувателите и лицата за кои тие се грижат.

Стратегиите за секоја приоритетна област ќе бидат во колективна надлежност на сите владини агенции во Нов Јужен Велс или нив ќе ги применува најсоодветната владина агенција. Стратегиите за кои е надлежана владата на Нов Јужен Велс се вклучени таму каде што агенциите во Нов Јужен Велс ќе имаат улога во насочување при нивното спроведување во Нов Јужен Велс.

## 1. Негувателите се признаени, почитувани и ценети

Негувателите вредно придонесуваат кон животот во заедницата. Меѓутоа, негувателите изјавуваат дека често тие чувствуваат дека се 'невидливи' или дека кон нив се однесуваат како тие да не постојат. Негувателите понекогаш не се гледаат како негуватели и може да пропуштат да добиваат финансиска, практична или емоционална поддршка.

Потребни се стратегии со кои ќе се зголеми почитувањето и признавањето на негувателите за да се покаже дека нивната улога се цени и да се осигура тие да не бидат невидливи или кон нив да се однесуваат како да не постојат.

### Што ќе направиме ние

- Сите соодветни владини агенции во Нов Јужен Велс:
  - Ќе придонесуваат кон проценката на петтогодишниот План за делување за негувателите во Нов Јужен Велс (90,000 долари годишно за период од 5 години).
  - Ќе се обврзат да ги вклучуваат потребите на негувателите при подготвувањето на начела и програми.
- Department of Ageing, Disability and Home Care - DADHC (Оддел за лица во години, онеспособени лица и нега во домот) ќе продолжи да ги финансира активностите во Неделата на негувателите (Carers Week).
- NSW Health (Оддел за здравство на Нов Јужен Велс):
  - Ќе ја зголеми финансиската поддршка за Carers NSW (Негувателите во Нов Јужен Велс) (редовна финансиска поддршка од 556,000 долари).
  - Ќе обезбедува финансиски средства за проекти преку Службите за поддршка на негуватели (Carer Support Services) за да може да се идентификуваат негувателите, да се зголеми сознанието за негувателите и да се одговара на потребите на локалните негуватели.
- NSW Department of Housing – DoH (Оддел за домување– DoH) ќе обезбедува лицата со најголеми потреби, вклучувајќи ги онеспособените лица и нивните негуватели, да имаат заеднички пристап и поддршка при сместување во социјални домови преку Договорот на службите за сместување на лица во социјални домови и социјални услуги (Housing and Human Services Accord).

## 2. Се идентификуваат и поддржуваат скриените негуватели

Иако многу негуватели добиваат добра поддршка од семејството и пријателите и чувствуваат дека немаат потреба да добиваат формални услуги, има негуватели кои се изолирани, кои нудат нега во значителна мера и кои не добиваат никаква поддршка.

'Скриените' негуватели може да не се идентификуваат со терминот 'негуватели', да не се свесни дека може да добиваат поддршка или можеби не се во состојба да користат услуги кои одговараат на нивните потреби. Колку порано ќе им се пружи рака на 'скриените' негуватели, толку повеќе ќе се намали негативното влијание кое негувањето го има на нивното здравје и благосостојба и ќе се спречи да се појават кризи. Целта е да им се помогне на негувателите кои имаат одредени потреби или кои се соочуваат со дополнителни препреки. Овде се вклучуваат негувателите во години, негувателите од различно културно и јазично потекло (CALD), младите негуватели и негувателите Абориџини.

### Што ќе направиме ние

- Сите соодветни владини агенции во Нов Јужен Велс:
  - Ќе ги зајакнат начелата и програмите за да можат да поддржуваат доставување на културно соодветни информации и културно задоволителни услуги.
  - Ќе соработуваат со австралиската влада на разработување и спроведување на комплети на податоци за доставување на услуги со кои ќе се идентификуваат негувателите и ќе се проценуваат нивните потреби.
  - Ќе ги поддржуваат понатамошните иницијативи за истражување со кои подобро ќе се разбира на кој начин најдобро може да им се помогне на скриените негуватели.
  - Ќе разработуваат и спроведуваат стратегии за да може на младите негуватели да им се нуди поддршка со координиран пристап од сите агенции (200,000 долари еднократна исплата на финансиски средства од Програмата за негувателите во Нов Јужен Велс).
- DADHC:
  - Ќе ги зголемува флексибилните услуги за одмена на негувателите во години кои се грижат за онеспособени лица со тоа што ќе се обезбеди инфраструктура за други модели на одмена на негуватели, вклучувајќи одмена на негуватели во центри (48 милиони долари во следните 3 години од 2005/06 до 2007/08 г. и редовна финансиска поддршка од 2008/09 г. во износ од 15 милиони долари — заедничка иницијатива на владите на Нов Јужен Велс и Австралија при што Нов Јужен Велс ќе даде половина од овие финансиски средства).
  - Ќе продолжи да го финансира Проектот за млади негуватели (Young Carers Project).
- NSW Health:
  - Ќе ги зголеми редовните дотации за невладините организации (NGO) кои им нудат поддршка на негуватели на вкупни редовни дотации во износ од 1.275 милиони долари за да може да вклучи одредени абриџински и CALD-иницијативи (464,000 долари).
  - Ќе ги идентификува негувателите кои треба да примаат сериозна нега.
- DADHC и NSW Health ќе организираат дискусии на тркалезна маса на теми во врска со CALD-негуватели, негуватели Абориџини и постари родители кои се негуватели.
- Department of Education and Training – DET (Оддел за образование и обучување – DET) ќе подготви модуларен курс за стручна обука на школски советници во врска со потребите на младите негуватели кои им нудат поддршка на родителите со душевни проблеми и ќе ги вклучи потребите на младите негуватели при преиспитувањето на Стратегијата на NSW DET за благосостојбата на учениците (NSW DET Student Welfare Policy).
- DoH, според Договорот на службите за сместување на лица во социјални домови и социјални услуги, ќе ги вклучува потребите на негувателите во постапката за проценка на заеднички пристап и поддршка за сместување во социјални домови.

## 3. Се подобруваат услугите за негувателите и за лицата за кои тие се грижат

На негувателите им е потребна поддршка од служби кои одговараат на нивните потреби и потребите на лицата за кои тие се грижат. Од многу аспекти, потребите на негувателите и примателите на нега се меѓусебно зависни. Многу формални услуги моменто се нудат без тие да се посебно наменети за одредените потреби на негувателот или примателот на нега, или услугите не се во сосотојба да ја задоволат моментната побарувачка. Услугите треба да бидат на располагање, пристапни по цена, достапни, флексибилни, културно соодветни и високо квалитетни.

Иако негувателите многу ја ценат одмената од негувањето, побарувачката за повеќе услуги на одмена на негуватели може да го прикрива недостатокот на избор од други услуги. Поврзувањето на негувателите со поддршката не е ограничено само на формалните служби. Може да се воведат стратегии за проширување на поддршката која негувателите ја добиваат од други членови во семејството, нивната поширока друштвена мрежа, други негуватели, работодавци и локални заедници.

### Што ќе направиме ние

- DADHC:
  - Значително ќе го зголеми бројот на местата за флексибилна одмена на негуватели во рамките на Stronger Together (Заедно сме посилни) преку редовно зголемување на финансиските средства секоја година од 2006/07 г. до 2010/11 г. за:
    - > Одмена за негуватели за семејства со онеспособено дете (28.4 милиони долари во следните пет години).
    - > Одмена за негуватели на возрасни онеспособени лица (33.4 милиони долари во следните пет години).
    - > Одмена за негуватели во центри за лица со сложени потреби за здравствена нега (6.5 милиони долари во следните пет години).
  - Ќе ја зголемува редовната финансиска поддршка секоја година од 2006/07 г. до 2010/11 г. за поткрепа на програмите после завршувањето на школувањето за онеспособени лица (235.3 милиони долари во следните пет години).
  - Ќе ја зголемува редовната финансиска поддршка секоја година од 2006/07 г. до 2010/11 г. за да ги прошири дневните програми (33.3 милиони долари во следните пет години).
  - Постепено ќе ја зголемува редовната финансиска поддршка од 2006/07 г. до 2010/11 г. за да обезбеди подобри видови на поддршка за онеспособени деца и младинци, вклучувајќи деца со непогодно однесување, и нивните семејства (40.8 милиони долари во следните пет години).
- NSW Health:
  - Ќе ја подобрува способноста на Службите за поддршка на негуватели при Регионалните здравствени служби во Нов Јужен Велс (NSW Area Health Services Carer Support Services) за да можат подобро да одговараат на потребите на негувателите и за спроведување на локални иницијативи.
  - Ќе подготви упатства за да обезбеди поефикасно консултирање со негувателите при утврдувањето на потребите на примателот на нега за опрема.
  - Ќе овозможува повеќе услуги за поддршка на семејствата и негувателите преку невладините организации (редовна финансиска поддршка од 3 милиони долари) во склоп на Програмата за душевно здравство за семејства и негуватели (Family and Carer Mental Health Program).
  - Ќе ги зголеми редовните дотации во државата за невладини организации кои им нудат поддршка на негувателите, вклучувајќи одредени иницијативи за Абориџини и CALD-негуватели и тоа со редовна финансиска поддршка од 1.275 милиони долари и ќе обезбеди финансиска поддршка за проекти преку Службите за поддршка на негуватели за да може да се идентификуваат лицата кои се негуватели, да се зголемува сознанието за негувателите и да се одговара на потребите на локалните негуватели.
- DoH, според Договорот на службите за сместување на лица во социјални домови и социјални услуги:
  - Ќе им помага на домаќинствата со сложени потреби за сместување во социјални домови и ќе разработува нови модели на услуги за лицата кои имаат најголеми потреби, вклучувајќи ги бездомните лица, постарите лица, младите онеспособени лица и невработените лица или домаќинствата со возрасни членови кои имаат многу ниски примања.
  - Ќе им нуди поддршка на изолираните негуватели кои живеат во социјални домови, преку одредени дејности за стапување во контакт со нив и за координирање на негуватели (150,000 долари годишно за 2 години од Програмата за негуватели во Нов Јужен Велс).

# 4. Негувателите се партнери при негувањето

Негувателите имаат пресудна улога како партнери во негувањето. Тие често се стручњаци во негувањето на лицето на кое таа нега му е потребна и можат да помогнат при планирањето и доставувањето на негата, со согласност од лицето кое ја добиваат таа нега. Меѓутоа, негувателите известуваат дека тие често не се консултирани.

Навременото доставување на информации, подучување и обука за негувателите им влева поголема самодоверба, ги зголемува нивната издржливост и способностите да се соочуваат со проблеми и директно им е корисно за нивното здравје и здравјето на лицето на кое му е потребна нега. Службите-доставувачи на услуги можат да ги идентификуваат негувателите, да ги проценат нивните потреби и да ги поврзат со организациите кои можат да им понудат соодветна поддршка. Потребите за поддршка се менуваат со текот на времето и посебно се важни во преодни моменти.

Подучувањето на персоналот е неопходно во менувањето на нивните ставови и однесување за тие да не се сосредоточуваат само на клиентот/пациентот/потрошувачот и да разработат услуги кои ќе бидат корисни и за негувателите. Соработката со негувателите не само што го подобрува квалитетот на нивниот живот туку исто така е корисна за здравјето на лицата за кои тие се грижат.

### Што ќе направиме ние

- NSW Health:
  - Ќе ја подобрува способноста на Службите за поддршка на негуватели со цел да се подобри подготвеноста на здравствените служби да работат со негувателите.
  - Ќе подготвува услуги за душевно здравје со кои ќе се покажува разбирање за потребите на семејствата и ќе ги вклучува семејствата и негувателите во проценката, планирањето на негата и планирањето што да се прави откако примателот на нега ќе биде отпуштен од болница.
  - Ќе подготвува и преведува материјали и ќе го проширува обучувањето за семејствата и негувателите од повеќе-јазично и абориџинско потекло за да можат да се соочуваат со проблеми во врска со дрога и алкохол.
  - Ќе обезбедува финансиски средства за проекти преку Службите за поддршка на негуватели при Регионалните здравствени служби во Нов Јужен Велс за да може да одговара на потребите на локалните негуватели, врз основа на планови за делување за негуватели од повеќе регионални агенции.
  - Ќе ја финансира Carers NSW (Негуватели на Нов Јужен Велс) за да ги одбира доставувачите на нега во заедницата и професионалните здравствени лица за шестомесечната конференција.
- Сите соодветни владини агенции во Нов Јужен Велс ќе ги идентификуваат негувателите како клучна заинтересирана група за консултации и ангажирање при разработувањето на соодветни државни начела.
- DADHC ќе го поткрепува и пропагира пакетот Работење со негуватели (Working with Carers).

## 5. Негувателите добиваат поддршка за да можат да негуваат и работат

Постои поголема веројатност негувателите да се невработени или да не работат за плата во однос на лицата кои не се негуватели. Ако тие работат, веројатноста е поголема дека тие работат со скратено работно време. Многу негуватели кои не се вработени би сакале повторно да се вработат.

Многу негуватели се откажуваат или го намалуваат нивното работно време, пропуштаат можности да изградат кариера или да се вработат, успеваат да живеат со помал приход и се измачуваат да заштедат пари за иднина. Посебно жените се обесправени во нивната способност да акумулираат парични средства за пензионирање.

### Што ќе направиме ние

- Одделот на премиерот:
  - Ќе соработува со агенциите за да им помогне да го спроведуваат постоечкото начело за флексибилно работење со цел да им овозможат поддршка на постарите вработени лица, вклучувајќи ги оние кои имаат обврска да се грижат за некој друг.
  - Ќе ги идентификува празнините во постоечките начела и областите во кои потенцијално може да се разработат нови начела.
  - Ќе го обнови документот Начела и упатства за постари вработени лица (Mature Workforce Policy and Guidelines) (последен пат издаден во август 1998 г.).
- Office of Industrial Relations (Канцеларија за работни односи) ќе подготви методи за да ја зголеми флексибилноста за негувателите на работното место во невладините организации и во приватниот сектор.
- Office of Industrial Relations и NSW Health ќе проучат на кои начини може да се подобрат врските преку Интернет до информации наменети за работодавци и вработени кои се надлежни за флексибилноста на работното место за работници кои имаат обврска да се грижат за други лица, надградувајќи се на Пат за негуватели кои работат (Working Carers Gateway).
- Агенциите партнери на Australian Research Council (Австралиски совет за истражувања) во проектот Negotiating, Caring and Employment (Договор, нега и вработување) ќе ги пропагираат доказите за подготвување на начела со кои им се нуди поддршка на негувателите на работното место.
- Сите соодветни владини агенции во Нов Јужен Велс ќе работат со австралиската влада на подобрување на реформите на Council of Australian Governments' Human Capital (Совет на на австралиските влади за човечки ресурси).